**Марија Гроздановска**[1]

# ПРАВАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ КОВИД-19

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 343.85:343.352]:340.13(497.7)**
**35.073.53:340.13(497.7)**
**343.85:343.352]:35.073.53(497.7)**

## Апстракт

Осудените лица за време на извршувањето на казната затвор имаат низа права што им се гарантирани во согласност со националните и меѓународните прописи. Во условите на пандемија, повеќето од овие права претрпеа соодветни промени и модификации, а сè со цел остварување повисок степен на здравствена заштита во новонастанатите околности. Пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 очигледно го промени начинот на кој функционираше светот, а со тоа и начинот на извршување на казната затвор. Постапувајќи според препораките на меѓународните институции и тела што се занимаваат со здравствена заштита и човекови права, сите држави во светот, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија, применуваа рестриктивни мерки што беа препорачани за соодветна заштита од вирусот КОВИД-19 во казнено-поправните установи. Целта на овој труд е да направи анализа на влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 врз правата на осудените лица.

**Клучни зборови:** човекови права, осудени лица, казнено-поправни установи, воспитно-поправни установи, пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19

## Вовед

Законот за извршување на санкциите е општ пропис со кој се уредува извршувањето на санкциите изречени за кривични дела и прекршоци во Република Северна Македонија. Лицата спрема кои се извршуваат санкциите се лишуваат или им се ограничуваат правата врз основа на закон, но само во границите неопходни за остварување на целта на санкцијата. Со лицата спрема кои се извршуваат санкциите се постапува на начин што во најголема можна мера одговара на нивната личност. Спрема лицата што ги извршуваат санкциите се постапува човечно, со почитување на човечката личност и достоинство, зачувување на

[1] Доктор на правни науки од областа на казненото право, доцент на Факултетот за правни науки при МСУ „Гаврило Романович Державин“, Св. Николе, РСМ, marija.grozdanovska@msu.edu.mk.

нивното телесно и душевно здравје, водејќи притоа сметка за остварување на целите на одделните санкции и мерки.

Пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 изврши промени во целокупното наше живеење, па според тоа, таа имаше свое влијание и врз правата на осудените лица. Оваа пандемија создаде големи предизвици за властите на државите ширум светот. Таа генерираше криза во системот на јавното здравје, која додаде нова димензија на прашањето за затворските услови, посебно во однос на прашањето за пренатрупаноста.

## 1. Права на осудените лица

Извршувањето на казната затвор е регулирано преку повеќе начела опфатени во Законот за извршување на санкциите.[2] Целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот. Системот за извршување на санкциите ги распоредува и ги класифицира затворените лица во различни одделенија или установи за полесно спроведување на различните видови третман, спречување меѓусебно влијание и одржување дисциплина. Третманот на осудените лица е индивидуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапување спрема осуденото лице во установата за време на извршувањето на казната затвор и во постпеналниот период, со цел насочување, развивање и остварување позитивни карактерни особини и способности на осуденото лице за негова ресоцијализација или социјална адаптација во општеството по издржувањето на казната.[3]

Процесот на ресоцијализација е основна функција на казнено-поправните установи. Поимот ресоцијализација подразбира: конкретизација на целите на казнувањето, дефинирање и одредување на мерките со цел остварување на поставените цели, како и следење и мерење на ефектите од примената на мерките низ кои се остварува ресоцијализацијата. Ресоцијализацијата претставува повеќедимензионален процес што не може да се сведе само на сторување/несторување ново кривично дело, туку може да се сфати како единствен процес на активности и мерки што се насочени кон остварување позитивни промени во општественото однесување на деликвентот.[4] Таа, во суштина, го означува процесот на оспособување и приспособување на осуденото лице да го прифати системот на вредности и норми на однесување во пошироката општествена заедница, односно во социјалната средина, бидејќи со сторувањето на кривичното дело, тоа лице покажало дека не е правилно социјализирано.

Со правосилната пресуда со која едно лице е осудено на казна затвор и со неговиот прием во казнено-поправната установа за да ја извршува казната, нему му се одзема најзначајното и највредното право – слободата. Со затворањето му се одземаат слободата

---

[2] Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/19.

[3] Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 133/2020.

[4] Арнаудовски, Љ, Груевска Дракулевски, А., Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија, прв дел, Скопје, 2013, стр. 249.

на движење, комуникациите со надворешниот свет и многу други слободи и права. Но, од друга страна, целта на ваквото затворање е неговата ресоцијализација. Ваквите спротивности се решаваат со гарантирање права на осудените лица што не смее да им бидат повредени.[5] Правата на осудените лица се уредени со националното законодавство, кое, пак, е во согласност со Стандардните минимални правила за постапување со затворениците[6] и Европските затворски правила.[7]

Законот за извршување на санкциите ги уредува правата на осудените лица и обврските на државата во однос на остварувањето на тие права. Секое осудено лице или дете на кое му е изречена заводска воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, за време на извршувањето на казната затвор или заводската мерка, под условите предвидени со закон, ги има следниве права:

- ✓ право на сместување;
- ✓ право на облека и постелнина;
- ✓ право на лична хигиена;
- ✓ право на исхрана;
- ✓ право на третман;
- ✓ право на одмор;
- ✓ право на пензиско осигурување;
- ✓ право на здравствена заштита;
- ✓ право на информирање;
- ✓ право на задоволување верски потреби;
- ✓ право на контактирање со надворешниот свет (допишување, телефонирање, посети);
- ✓ право на примање пратки;
- ✓ право на склучување брак;
- ✓ право на правна помош и
- ✓ право на ажурирање лична карта.[8]

Во условите на пандемија, повеќето од овие права претрпеа соодветни промени и модификации, но со цел остварување повисок степен на здравствена заштита во новонастанатите околности. Секоја рестриктивна мерка преземена во однос на лицата лишени од слобода за спречување на ширењето на вирусот КОВИД-19 треба да има правна основа, да биде неопходна, пропорционална, временски ограничена, а притоа почитувајќи

---

[5] Арнаудовски, Љ. Груевска Дракулевски, А., Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија, втор дел, Скопје, 2013, стр. 136.
[6] Стандардни минимални правила за постапување со затворениците, Усвоени на Првиот конгрес на Обединетите нации за спречување на криминалот и третман на прекршителите, одржан во Женева во 1955 година и одобрени од Економско-социјалниот совет со неговите резолуции 663 C (XXIV) од 31 јули 1957 и 2076 (LXII) од 13 мај 1977 година.
[7] Европски затворски правила, Препорака Rec (2006) 2 на Комитетот на министри до државите членки за Европските затворски правила (усвоена од Комитетот на министри на 11 јануари 2006 година на 952-иот состанок на заменици-министри).
[8] Член 155 од Законот за извршување на санкциите, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/19.

го човечкото достоинство.[9] Основниот принцип е да се преземат сите можни активности за да се заштитат здравјето и безбедноста на сите лица лишени од слобода.[10]

Правото на сместување на осудените лица се однесува на материјалните услови во установите. Според националната, но и меѓународната регулатива од оваа област, просториите за сместување на осудените лица треба да ги исполнуваат основните хигиенски услови, да бидат сообразни со климатските услови и да бидат соодветно опремени, проветрени и доволно светли. Нивната површина треба да изнесува најмалку 9 м$^3$ по осудено лице. По правило, во текот на ноќта, осудените лица треба да бидат сместени во посебни простории за ноќевање, освен кога заедничкото сместување има некои предности. Секое осудено лице треба да има свој кревет, столче и орман.

Во услови на пандемијата предизвиканата од КОВИД-19, во согласност со препораките на Светската здравствена организација при приемот и пред пуштањето, затворениците се сместувале во единечни простории или, пак, се делеле во посебни затворски крила, каде што таа категорија затвореници би можеле да делат иста просторија. Препорачано беше да се прават дополнителни напори за сместување колку што е можно помал број затвореници во просториите за заедничко сместување. Во препораките, исто така, вклучена беше и честа вентилација на воздухот во сите простории. Креветите требало да бидат поставени на оддалеченост од најмалку еден метар, без оглед на тоа дали осудените лица имаат сомнителни симптоми на вирусот КОВИД-19.

Во нашата држава, секое новодојдено осудено или притворено лице, по приемот во установата, се сместувало во изолирана просторија за да се спречи контакт со здравите лица, каде што останувало во изолација. На осудените лица не им биле доделени заштитни маски, затоа што немале контакти со надворешниот свет, додека, пак, вработените во затворите биле задолжени да носат маски и ракавици.[11]

Правото на облека и постелнина значи дека осудените лица може да користат своја облека, обувки и постелнина што одговараат на климатските услови. Во случај тие да немаат своја облека, обувки и постелнина, установата е должна да им обезбеди.

Во условите на пандемија, во однос на ова право, предвидено беше облеката, постелнините, крпите итн. да се перат со обичен сапун и вода или, доколку постојат услови, во машина за перење алишта на температура од 60 °C до 90 °C со вообичаен детергент за алишта. На притворените лица не им беше дозволено да носат своја облека поради санитарни причини.

Осудените лица имаат право на одржување лична хигиена, а установата е должна да им обезбеди услови и прибор што се неопходни за одржување на хигиената и за зачувување на нивното здравје.

---

[9] 30 st general report of the CPT, European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT), 2020.

[10] Statement of principles relating to the treatment of persons deprived of their liberty in the context of the coronavirus disease (Covid-19) pandemic, European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT), 2020.

[11] Правата на притворени и осудени лица во време на КОВИД-19, Институт за човекови права, Скопје, 2021.

Во условите на пандемија, посебен акцент беше ставен на правото за одржување соодветна лична хигиена (вклучително и пристап до топла вода и сапун) и правото за дневен пристап до отворен воздух. Неопходно беше на затворените лица да им бидат обезбедени вода, сапун и крпи за еднократна употреба или средство за дезинфекција на раце што содржи најмалку 60 % алкохол. Во установите требаше да има ѕидни распрскувачи на течен сапун, хартиени крпи и корпи со педали за нозете во клучните општи простории (тоалети, кантини, спортски сали). Потребно беше на затворениците да им бидат достапни хигиенски материјали, детергенти и средства за дезинфекција од општа намена, кои се антивирусни и одобрени за употреба од затворските власти, сапун и вода, заедно со лични крпи во собите, просториите и во бањите. Неопходно беше почесто чистење и дезинфекција со цел обезбедување поголемо ниво на хигиена и со тоа спречување ширење на вирусот.

Компаративните искуства покажуваат дека секоја држава, во рамките на своите можности, презела различни начини за заштита и спречување ширење на овој вирус.[12]

Во нашата држава, според примерот на компаративните искуства, а во согласност со заклучоците од Владата и наредбата од Управата за извршување на санкциите, се извршувала секојдневна дезинфекција на просториите во кои престојувале осудените лица, во сите простории каде што тие работеле и се движеле, во просториите каде што се подготвувала и се складирала храна, ходниците, тоалетите и бањите, работните и во сите други простории каде што престојувал персоналот на казнено-поправните установи. На осудените лица им биле поделени ракавици, течен шампон, сапун и гел за дезинфекција за подигнување на нивото на лична хигиена на секое лице, како и подигнување на вкупното ниво на хигиена на целиот простор и негово зачестено проветрување. Се вршело зачестено проветрување на влезовите во просторијата каде што престојувале осудените лица, а и онаму каде што работел и се движел персоналот, и поставени биле препарати за дезинфекција на рацете и на обувките. Со средства за дезинфекција се дезинфицирале сите работни површини што биле допирани и им биле на дофат на лицата, а, исто така, со соодветен препарат секојдневно се прскале и подовите во сите простории. Комплетно било дезинфицирано и затворското одделение во Клиничкиот центар во Скопје. Во сите казнено-поправни установи биле набавени бесконтактни топломери со кои редовно им била мерена телесната температура на осудените лица.

Правото на работа, како едно од основните права на затворените лица, доживеа свои модификации во услови на коронавирусот.[13] Правото на работа на осудените лица надвор од установата во нашата држава е уредено со подзаконски акт – Упатство за условите,

[12] На пример, во Австралија, средствата за дезинфекција на раце треба да бидат постојано достапни во сите простории. Словачка обезбедила производи за дезинфекција на раце за сите вработени во затворот, како и за затворениците што ги вршат активностите во затворот и гермицидни ламби во сите затвори за чистење на просториите (дезинфекција на воздух и површини со УВ-зрачење).

[13] Во некои држави биле суспендирани работните активности (Шпанија и Полска), во други биле суспендирани работните активности што претпоставувале близина на затворениците, во некои затвори, затворениците произведувале заштитни маски и друга опрема со цел да помогнат во наоѓањето решенија за справување со кризата предизвикана од коронавирусот. Романија ги прекинала работните активности на затворениците надвор од установата.

начинот и постапката за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата.[14] Со ова упатство се уредуваат условите што треба да бидат исполнети со цел осудените лица да може да работат надвор од установата. Но, во условите на пандемија, нашата држава во март 2020 година привремено ги прекина работните ангажирања на осудените лица надвор од установата во согласност со наредбата донесена од страна на Управата за извршување на санкциите.

Правото на образование, генерално, беше на удар од пандемијата, а ова, исто така, се однесуваше и на правото на образование на осудените лица. Но, и осудените лица можеа да следат настава на далечина.

Осудените лица имаат право на осумчасовен непрекинат одмор во текот на денот и на еден ден одмор во текот на седмицата, како и престој најмалку два часа дневно надвор од затворените простории на установата. Во условите на пандемија настана приоретизирање на активностите на отворено проследени со препораки за одмор и престој на отворено. Колективните спортови и собири не се практикувале, но затоа се давало примат на правото за престој на отворено во мали групи со соодветна дистанца. Дополнително, таму каде што дозволувале условите, се практикувало и индивидуално спортување на отворено.

Осудените лица имаат право на исхрана што ќе ги одржува нивното добро здравје и нивното тело. Исто така, на осудените лица во секое време мора да им биде обезбедена здрава вода за пиење. Дневните оброци на осудените лица треба го содржат препорачаниот дневен внес на енергија и хранливи материи според нивните прехранбени потреби и навики. Менито за осудените лица се планира врз основа на прехранбените нормативи и препорачаниот дневен внес на енергија и внес на хранливи материи, а зависи од полот, возраста и видот на физичка активност.[15] Во однос на исхраната, установите требало да обезбедат храна со цел зајакнување на имунитетот на осудените/притворените лица за да се спречи инфекцијата со коронавирус во затворите. Тие требало да обезбедат и доволни количества залихи на храна и други потребни намирници.

Правото на информирање на осудените лица им овозможува да им бидат достапни законите и подзаконските акти што се однесуваат на начинот на издржување на казната затвор и мерката упатување во воспитно-поправен дом. Ова значи дека лицата лишени од слобода треба да добијат сеопфатни информации на јазик што го разбираат. Тие треба да имаат пристап до информации што треба да бидат поставени во заедничките простории во затворите и во простории определени за правни и семејни посети (превентивни мерки, хигиенски практики, знаци и симптоми на болести, пристап до локална здравствена заштита, употреба на маски за лица што имаат респираторни симптоми, итн.). Неопходно беше Управата за извршување на санкциите и установите за извршување на санкциите да ги запознаат затворените лица (вербално или преку изготвување летоци) и редовно и

[14] Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата, Управа за извршување на санкциите, Министерство за правда, Скопје, јуни 2020 година.
[15] Правилник за нормативите за подготвување храна на осудените лица во казнено-поправните установи, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/2020.

навреме да ги информираат за мерките што ги презема установата за справување и превенција од вирусот КОВИД-19.

Правото на задоволување на верските потреби во условите на пандемија доведе до суспендирање на верските служби и активностите во казнено-поправните установи, иако, според Законот за извршување на санкциите, на осудените лица им е дозволено да ги задоволуваат своите верски чувства и потреби во согласност со условите и можностите на установата.

Правото на контакти со надворешниот свет е од особена важност за затворените лица. Во условите на пандемија беше ограничено и правото на посети, иако, според законот, осудениците имаат право на две посети во текот на месецот од членови на потесното семејство, а по одобрение на директорот на установата, може да ги посетуваат и други лица. Посетите се реализираат со или без присуство на службено лице, а во зависност од видот на установата во која се издржува казната затвор и одделението, тие може да траат до 60 минути.

Во условите на пандемија, ограничувањата на контактот со надворешниот свет, вклучително и на посетите, требаше да се компензираат со зголемен пристап кон алтернативните начини на комуникација, како што се телефонска комуникација или протокол за комуникација со пренос на глас преку интернет, зголемување на времетраењето на телефонските повици, воведување видеоконференција, видеопосета, Скајп за членовите на семејството, итн.[16] Затворските власти им помагаа на затворениците да одржат соодветен контакт со надворешниот свет и им обезбедуваа соодветна помош за да го сторат тоа. Во некои држави, тоа се решавало со задолжително носење заштитни маски, паравани за посета, стаклени прегради (Италија) и сл.

Во нашата држава од март 2020 година, во согласност со наредба донесена од страна на Управата за извршување на санкциите, на територијата на цела држава привремено беа забранети погодностите за осудените лица, што значи почести потсети од страна на членови на семејството, како и посети во и надвор од установата.

Правото на примање пратки од страна на осудените лица исто така беше модифицирано. Осудените лица имаат право да примаат пратки (за пратка се смета и парична пратка) од страна на членови на потесното семејство. Пред врачувањето на пратката, нејзината содржина се прегледува во присуство на осуденото лице. Во условите на пандемија се применуваа ограничувања што беа наметнати за пратките пратени во затвор. Генерално, потребно беше да се ограничи приемот на пратки, но сепак да се дозволи прием на одредени пратки под специјални хигиенски стандарди.[17]

---

[16] Интересен пример во оваа насока е Италија, која набавила повеќе од 3.000 мобилни телефони со кои на затворениците им давала можност за телефонски повици и броеви на мобилни телефони, како и дозвола за користење „Skype for Business“ за видеоповици со членовите на нивните семејства што имаат право на посети. Во Шведска, службата за затвори и пробација ги покривала сите трошоци за телефонските повици. Слично и во Косово, на затворениците им било дозволувано да се јават по потреба и да инсталираат виртуелна комуникација на Скајп, така што осудениците/притворениците можеле да комуницираат со нивните семејства.
[17] Некои земји, како што е, на пример, Гватемала, вршеле задолжителна дезинфекција на пратките.

## 2. Правото на здравствена заштита во казнено-поправните установи за време на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19

Правото на здравствена заштита на осудените лица значи дека за нив е потребно да се обезбеди здравствена заштита на ниво на кое ова право го уживаат граѓаните што се на слобода. Осудените лица имаат право на здравствена заштита во согласност со општите прописи.[18] Ова право на затворените лица истовремено е една од најголемите обврски на државата, затоа државите мораше да усвојат соодветни мерки за заштита на затворениците од вирусот КОВИД-19. Првиот приоритет што се воспостави беше физичка дистанца меѓу затворениците. Голем број меѓународни институции за човекови права повикаа на драстично намалување на бројот на затворени лица, со забавување на бројот на нови приеми, прибегнување кон алтернативи за лишување од слобода и привремено ослободување на затворениците. Голем број земји, како што се, на пример, Словенија, Белгија и Франција, го намалиле бројот на затвореници, по што стигнале до или под дозволените капацитети. Намалувањето на бројот на осудени лица е круцијално, но самото по себе не е доволно за заштита од коронавирусот. Поради тие причини, Обединетите нации, Советот на Европа, Интерамериканскиот систем за човекови права и Африканскиот систем за човекови права имаат развиено норми и стандарди што детално го опишуваат опсегот на правото на здравствена заштита во затворите.[19]

Правото на здравје е едно од основните човекови права и секој човек има право на највисоко достижен стандард на здравје погоден за достоинствен живот. Државите се одговорни за обезбедување здравствена заштита на затворениците и имаат должност да им обезбедат здравје и благосостојба на лицата лишени од слобода. Правото на здравствена заштита во затвор произлегува и од правото на живот и забраната за тортура и нечовечко или понижувачко постапување.

Обезбедувањето здравствена заштита во казнено-поправните установи е регулирано со четири сеопфатни принципи потврдени со меѓународното право: еквивалентноста на грижата, неопходноста да се земат предвид специфичните потреби на затворската популација, медицинската доверливост и принципот на недискриминација.

Затворите се познати како епицентри на заразни болести, па затоа пренатрупаноста на затворите претставува значаен фактор на ризик за ширење на болеста, бидејќи пренатрупаните простории, генерално, нудат ограничен простор со оскудни услови за

---

[18] Закон за здравственото осигурување, „Службен весник на РСМ“ бр. 34/2000; 96/2000; 104/2000; 30/2001; 48/2001; 50/2001; 11/2002; 31/2003; 84/2005; 37/2006; 109/2006; 18/2007; 36/2007; 88/2007; 88/2007; 106/2007; 82/2008; 98/2008; 142/2008; 6/2009; 45/2009; 67/2009; 14/2010; 50/2010; 156/2010; 53/2011; 166/2011; 26/2012; 145/2012; 16/2013; 91/2013; 187/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 112/2014; 113/2014; 188/2014; 20/2015; 61/2015; 61/2015; 98/2015; 129/2015; 150/2015; 154/2015; 192/2015; 217/2015; 27/2016; 37/2016; 120/2016; 142/2016; 171/2017; 275/2019; 77/2021; 285/2021.

[19] The Right to Health Care in Prison during the COVID-19 Pandemic, July 2020. https://www.justiceinitiative.org/uploads/7696dcfd-12e1-4ace-8f28-2a37f4a3c26b/brief-access-to-health-care-in-prisons-07082020.pdf

физичко дистанцирање, често се нехигиенски објекти и имаат послаб пристап до здравствена заштита.[20] Пренатрупаноста е голем проблем со кој се соочува една од три европски држави. Затворската пренатрупаност е особено изразена во затворите во Кипар, Италија, Белгија, Франција, Романија, Унгарија, Грција, Словенија, Чешка и во Австрија. Спротивно на тоа, нецелосно исполнети капацитети има во затворите во: Латвија, Шпанија, Бугарија, Естонија, Црна Гора, Норвешка, Литванија, Луксембург, Холандија, Малта, Германија, Албанија, Полска, Хрватска, Словачка, Ирска, Финска, Швајцарија и др.

Во согласност со националната и меѓународната регулатива, на осудените лица им се гарантира правото на здравствена заштита и им се обезбедува потребната медицинска помош и болничко лекување според прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување. Правата од здравствена заштита, на осудените лица им ги укажуваат здравствени работници што вршат примарна здравствена заштита во мрежата на примарно ниво за здравствена заштита на чие подрачје се наоѓа седиштето на установата. Покрај тоа, осудените лица имаат право на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита, а трошоците за здравствената заштита на осудените лица во установите паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија. Секое осудено лице мора да биде прегледано од лекар што ќе ја утврди неговата здравствена состојба при приемот на издржувањето на казната и при отпуштањето од установата.

Голем број затвореници се во лоша здравствена состојба уште пред нивното затворање, а лишувањето од слобода често доведува до дополнителни здравствени проблеми поради шокот од затворањето, нездравите услови во установата и пренатрупаноста.

Во однос на обезбедувањето на здравствената заштита, во условите на пандемија неопходно беше да се посвети посебно внимание на специфичните потреби на лицата лишени од слобода, особено во однос на ранливите и/или ризичните групи, како што се повозрасните лица и лицата со постојни медицински дијагнози.[21] Ова значеше скрининг за КОВИД-19 и можности за обезбедување интензивна грижа според потребите. Препорачан беше скрининг на местото на влегување во затвор, собирање информации за каква било историја на треска, кашлица, скратен здив или други симптоми на респираторниот тракт, мерење температура, историја на патувања и можен контакт со лице со потврден случај на КОВИД-19. Секогаш кога било можно, се настојувало новодојдените лица да бидат сместени заедно.[22] Државите требаше да обезбедат широк пристап до тестирање за притворениците, затворениците и персоналот што работи во овие установи.[23]

[20] 31st general report of the CPT, European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT), 2021.

[21] Во Косово се настојувало да се применуваат алтернативни мерки и санкции, со што се суспендирала казната за лица што веќе биле хронично болни.

[22] Пример на добра практика е Луксембург, каде што новодојдените осудени лица се изолирале и се тестирале пред да бидат пренесени во друг дел од затворот со цел да се спречи ширењето на заразата.

[23] Со цел заштита од вирусот и спречување негово ширење, во некои земји, затворениците биле придружувани до надворешни медицински центри за тестови за КОВИД-19 во случај на барање или индикација за присуство

Во условите на пандемија, утврдена беше и потребата од дополнителна психолошка поддршка на лицата лишени од слобода. Од големо значење беше и советувањето на затворените лица (едукативно, социјално, психолошко) со цел подигнување на свеста, прифаќање на строгите хигиенски мерки и ограничување на ширењето на вирусот.

Осудените лица што боледуваат од некоја заразна болест или кај кои било забележано дека имаат телесни или душевни оштетувања што може да го попречат вклопувањето во средината, по наод и упат на лекарот се сместувале во посебни простории на установата. Во случаите кога е одредена здравствена заштита преку изолирање на затвореникот, тоа се извршувало со ставање на затвореникот во одредено крило (во една просторија со тоалети, под вообичаени мерки на претпазливост за здравствена заштита).

Во случаи на изолација или сместување во карантин лице што е лишено од слобода, кое е инфицирано или за кое постои сомнеж дека е инфицирано со вирусот КОВИД-19, на засегнатото лице секој ден му бил обезбеден значителен човечки контакт. Изолацијата на пациент со заразна состојба се оправдувала само доколку таквата мерка би се презела и надвор од затворското опкружување од истите медицински причини.[24]

Здравствената грижа и правото на здравје на лицата лишени од слобода е прашање што е од особена важност за мандатот на Народниот правобранител – Национален превентивен механизам (НПМ), бидејќи несоодветното ниво на здравствена заштита може да доведе до ситуации што потпаѓаат под поимот нечовечко и понижувачко постапување, предвидени во членот 3 од Европската конвенција за човекови права. За време на пандемијата, тимот на НПМ користел електронска комуникација со сите институции во кои граѓаните може да бидат лишени од слобода и приведени, односно каде што може да им биде ограничено правото на слобода. НПМ упатил јавни препораки за постапување со лицата лишени од слобода во услови на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, во кои јасно беше истакнато дека забраната за тортура и друг вид сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување е апсолутна и никакво отстапување од ваквата забрана не може да биде оправдано под какви било основи и околности, па дури и во случаи на вонредна, воена или каква било друга состојба на политичка нестабилност. Мерките и активностите што се преземаат со цел заштита и справување со последиците од пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 не смее да резултираат со каков било нечовечки или

на заболување, а во други земји, мобилна здравствена единица доаѓала во затворот за да земе примероци за тест во случај на потреба.

[24] Справувајќи се со вирусот, во Австралија, кога затвореник имал симптоми на коронавирус, требало да биде ставен во карантин при пристигнување на местото каде што ќе ја извршува казната до 14 дена по започнувањето на симптомите. Затвореникот, кој се чувствувал добро и бил пренесен од карантин во регуларно одделение, требало да носи маска 14 дена по преносот и внимателно да се следи неговата состојба за појава на симптоми. Во Литванија, пак, доколку имало потенцијален случај на КОВИД-19, карантин се одредувал за другите затвореници од истата просторија или за оние што имале контакти со потенцијално заразено лице. Тие требало да бидат изолирани од остатокот од затворското население до тој степен што немало да имаат директен контакт со лица без заштитни мерки, сè додека не се добиеле резултатите од потенцијално заразеното лице. Во Бразил се практикувала превентивна изолација на затвореници што страдаат од хронични заболувања и затвореници постари од 60 години.

понижувачки третман спрема лицата лишени од слобода и во таа насока беше препорачано при постапувањето со овие лица, надлежните власти да ги имаат предвид принципите на Европскиот комитет за спречување на тортурата (КСТ), кои беа објавени во прилог на јавно упатените препораки на веб-страницата на Народниот правобранител.

Народниот правобранител – НПМ побарал и добил известување за преземените активности за спречување на појавата и ширењето на КОВИД-19 во казнено-поправните установи во 2020 година. Во согласност со добиените податоци, заклучно со декември 2020 година биле евидентирани 44 лица заразени со КОВИД-19 и 4 лица што починале од коронавирусот во казнено-поправните установи. Покрај тоа, Народниот правобранител – НПМ во текот на 2020 година спровел 25 ненајавени посети, од кои: 9 во полициски станици, 10 во казнено-поправни установи и 6 во прифатните центри за сместување и задржување странци, односно мигранти и баратели на азил.[25] Од посетите во 2020 година, генерално, може да се заклучи дека имало недостиг на здравствени работници (лекари, медицински сестри/техничари, психијатри) и евидентна била недоволната опременост на амбулантите со потребна опрема.

Според годишниот извештај на Народниот правобранител за 2021 година, голем проблем во казнено-поправните и воспитно-поправните установи е обезбедувањето здравствена заштита. Дополнителни тешкотии во овој сегмент создаде и пандемијата, затоа што за секој преглед надвор од установата, осудените лица претходно морало да направат тестови за коронавирус и вирус-маркери. Во установите немало медицински персонал што е дел од вработениот затворски персонал, па токму затоа, во некои установи, при недостиг на соодветен персонал назначен од јавната здравствена мрежа, установите биле принудени самостојно да ангажираат медицински персонал. Притоа, и во услови на назначен персонал од страна на јавната здравствена мрежа, најчесто персоналот не бил доволен за обезбедување соодветна здравствена заштита на лицата во установите. Амбулантите во установите биле опремени со основната опрема што најчесто била дотраена или нефункционална. Во годишниот извештај на Народниот правобранител за 2021 година не се содржани посебни податоци за заразени или починати осудени лица како резултат на коронавирусот.[26]

За разлика од ова, во некои држави, како што е, на пример, САД се правеле посебни анализи за подобро да се разбере како коронавирусот влијае врз осудените лица.[27] Во САД

[25] Годишен извештај за 2020 на Народниот правобранител, Национален превентивен механизам, Скопје, јуни 2021 година.

[26] Годишен извештај за 2021 на Народниот правобранител, Национален превентивен механизам, Скопје, јуни 2022 година.

[27] Според податоците од сите 50 сојузни држави на САД, Порторико, Федералното биро за затвори и Службата за имиграција и царина (ICE), до 7 ноември 2022 година имало: 626.805 случаи на КОВИД-19 меѓу луѓето сместени во казнено-поправни установи, 2.908 смртни случаи поради КОВИД-19 кај луѓето сместени во казнено-поправни установи, 233.007 случаи на заболени од КОВИД-19 од редот на вработените во казнено-поправни установи, 279 смртни случаи поради КОВИД-19 кај луѓето вработени во казнено-поправни установи. https://covidprisonproject.com/?fbclid=IwAR0S0etrXnBI7zRoVLEetlPHRInZspST4uahLJgGsDGjvyqwfHDSZG7fMY

биле донесени и препораки за приоретизација на вакцинирањето на затворените лица, со оглед на фактот што при напорите за спречување и контрола на преносот на новиот коронавирус се соочиле со многу предизвици во казнено-поправните системи. Невозможно било да се спроведе физичко растојание внатре во установите, бидејќи тие често биле и пренатрупани, стари или недоволно вентилирани. Хигиенските стандарди, контролата на инфекции и носењето маски тешко се одржувале и се спроведувале. Нередовното тестирање, несоодветните медицински ресурси, движењето на персоналот помеѓу домот и работата и понатамошното засилување на преносот, фактот што затворениците страдале несразмерно од состојби како што се хипертензија и астма доведуваат до заклучок дека кај осудените лица постои поголема веројатност да доживеат компликации од КОВИД-19 и смрт.[28]

## Заклучок

Во условите на пандемија, повеќето од човековите слободи и права претрпеа соодветни промени и модификации. Поаѓајќи од основниот принцип да се преземат сите можни активности за да се заштитат здрајето и безбедноста на сите лица лишени од слобода, соодветни ограничувања имаше и во однос на правата на осудените лица. Република Северна Македонија при справувањето со пандемијата беше исправена пред предизвикот да ги следи компаративните искуства и препораките на меѓународните тела, а притоа да обезбеди право на здравствена заштита со разумно и неопходно ограничување на правата на осудените лица. Рестриктивните мерки што беа преземени во однос на правата на осудените лица го почитуваа нивното човечко достоинство, имаа своја правна основа, беа неопходни, пропорционални и временски ограничени.

Пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 изврши промени во целокупното општество, па така и во правата на осудените лица. Тие претрпеа соодветни промени и модификации со цел остварување повисок степен на здравствена заштита во новонастанатите услови. Пандемијата генерираше криза во системот на јавното здравје, која му даде нова димензија на прашањето за затворските услови, особено во однос на прашањето за пренатрупаноста. Таа ги нагласи и ги забрза штетните ефекти од пренатрупаноста на затворите, па затоа една од лекциите што ја научија државите од пандемијата е дека може и мора да се намали бројот на затвореници.

КОВИД-19 беше аларм за инвестирање во подобри затворски услови и намалување на изрекувањето затворски казни. Неопходно е да се промени перцепцијата за затворениците како граѓани од втор ред и да не се дозволува некој да биде запоставен. Во иднина треба да се посвети поголемо внимание на правото на здравствена заштита во казнено-поправните установи, да се обезбеди доволен број медицински персонал што ќе може да даде здравствена заштита во согласност со своите знаења, достапните лекови,

[28] https://justicelab.columbia.edu/sites/default/files/content/COVID_Vaccine_White_Paper.pdf

соодветната опременост на амбулантите со потребната опрема итн. Покрај тоа, неопходно е зголемување на свеста за здравјето на осудените лица, проследено со подобрување на квалитетот на храната во овие установи, што ќе придонесе и за подобрување на имунитетот на осудените лица.

**Ass. Prof. Dr. Marija Grozdanovska**[29]

# THE RIGHTS OF PRISONERS DURING THE PANDEMIC OF COVID-19

**Abstract**

Prisoners during the execution of the prison sentence have a series of rights that are guaranteed to them according to national and international regulations. In the conditions of a pandemic, most of these rights underwent appropriate changes and modifications, all with the aim of achieving a higher level of health care in the new conditions. The covid 19 pandemic has clearly changed the way the world works and with it the way prison sentences are carried out. Acting on the recommendations of international institutions and bodies dealing with health care and human rights, all countries in the world, including the Republic of North Macedonia, applied restrictive measures that were recommended for adequate protection from covid 19 in penal institutions. The purpose of this paper is to analyze the impact of the covid 19 pandemic on the rights of prisoners.

**Keywords:** human rights, prisoners, penal institutions, juvenile correctional facilities, covid 19 pandemic

[29] PhD in legal sciences in the field of criminal law, Assistant Professor at the Faculty of Law, International Slavic University „Gavrilo Romanovich Derzhavin“ Sveti Nikole, Republic of North Macedonia